Групацијата ТИТАН повеќе од еден век успешно го продолжува својот раст, со особена почит кон поединецот, општеството и животната средина. Групацијата ТИТАН ги смета своите човечки ресурси за клучен фактор за одржлив развој. Ние се потпираме на вештините и залагањата на нашите луѓе од сите нивоа на хиерархијата. Наша цел е да ги привлечеме, развиваме и задржиме најдобрите професионалци, при што им овозможуваме креативен развој на кариера и ги наградуваме нивните резултати. На тој начин за Групацијата стекнуваме долготрајни вредности и конкурентска предност.

## Цементарница УСЈЕ АД Скопје

## ГРУПАЦИЈА ТИТАН

Објавува

**ОГЛАС**

**ЗА ПЛАТЕНА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА**

**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ**

Цементарница УСЈЕ, како компанија чија стратешка оптределба е поддршка на заедницата преку придонес кон развој во сите области, започнува ПРОГРАМА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ. Цементарница УСЈЕ во склоп на Групацијата ТИТАН го потпиша Пактот за поддршка на младите на Европската унија (“Pact for Youth”), за зајакнување на партнерството помеѓу компаниите и образованието, а во насока на зголемување на можностите за вработување на младите талентирани луѓе.

Како дел од Програмата, Цементарница УСЈЕ објавува оглас за платена ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА за работа на проект

**Квалификации на кандидатите**

Кандидатите треба да бидат без работно искуство, дипломирани или во завршна година на студиите на Градежен факултет, Архитектонски факултет, Машински факултет, ФИНКИ, Економски факултет.

Напредно познавање на Microsoft Office апликациите и одлично познавање на англиски јазик се сметаат за предност.

Посветеност, мотивираност, иницијативност

Тимска работа и кооперативност

Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:

1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV)
3. Доказ за образование (уверение за дипломирање или за положени испити)

Огласот трае 7 (седум) дена од денот на објавувањето.

Ангажирањето во програмата за практикантска работа трае определено време до 3 месеци.

Учесниците во програмата ќе добијат Потврда за обученост во соодветната област од Цементарница Усје и ќе бидат земени предвид при идни вработувања.

**Аплицирањето се врши само на веб страницата на Цементарница УСЈЕ АД Скопје**

**http://usje.com.mk каде заинтересираните кандидати треба да ја пополнат електронската апликација за CV и да ги прикачат потребните документи.**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.